22.12.2023

**ТРКАЛЕЗНА МАСА**

ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА ЗА ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ВО ФИНАНСОВОТО ПРАВО И ВО ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ: КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ НА ПРАВНИТЕ СИСТЕМИ НА Р.С. МАКЕДОНИЈА Р. СРПСКА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА



# ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ПРАВИЛАТА НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОДГОВОРНОСТ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И НАЧЕЛАТА НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ

Вонреден професор д-р Кристина Мишева
Правен Факултет- Универзитет ,, Гоце Делчев“- Штип

# Односот помеѓу правилата на граѓанско-правна одговорност за надомест на штета и начелата на јавните расходи

- **Вовед**
- **Правила на граѓанско-правна одговорност за надомест на причинета штета**
- **Начела на јавите расходи**
- **Примери од досегашна пракса**

# ПРАВИЛА НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОДГОВОРНОСТ ЗА НАДОМЕСТ НА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА

*,,... оној кој го создава, одржува или контролира изворот на опасност од штета, мора за него и да одговара"*

,,На кого е користа, на тој е и штетата"

Принцип на т.н дистрибутивна правичност

# Правила на граѓанско-правна одговорност за надомест на причинета штета - ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ЖИВОТНИ согласно ЗОО

**Член 165-и Штета причинета од дивеч**

(1) За штетата причинета од дивеч одговара корисникот на отворено или затворено ловиште.
(2) За штетата причинета од дивеч за кој е пропишана трајна забрана на ловење одговара државата, доколку не докаже дека штетата настанала по вина на оштетениот.
(3) Во поглед на одговорноста предвидена со претходните правила соодветно ќе се применуваат одредбите за одговорност врз основа на вина односно опасен предмет или вршење опасна дејност, освен ако со посебен закон поинаку не е предвидено .

**Закон за ловство**

во член 3-а точка 6 од Законот за ловство (е нормирано дека под дивеч, во смисла на овој закон, се подразбира меѓу другите и мечката.

Согласно пак член 10-а од истиот закон дивечот од членот 3-а на овој закон е дивеч под заштита и дивеч без заштита. Дивеч под заштита меѓу другите е: … мечката.

Согласно член 14-а од истиот закон - Трајно се забранува ловење меѓу другите и на мечка.

Согласно членот 69 став 2 од истиот закон штетата што ќе ја причини дивечот за кој е пропишана трајна или привремена забрана на ловење се надоместува од Буџетот на Република Македонија.

# Видови на добра - нексус

- Јавни добра (чисти јавни добра и нечисти јавни добра)
- Приватни добра
- Мешовити добра Добра, кои имаат карактеристики и на приватни и на јавни добра, но по правило локално се обезбедуваат ( противпожарна заштита)
- Мериторни добра. Посебен вид на добра, чие принудно користење го поттикнува државата (сигурносни појаси при возење и задолжително основно образование)
- Екстерни (надворешни) ефекти. Кои можат да бидат со позитивна и негативна корист. Позитивна- превентивно лечење од заразни болести, образование, изградба на инфраструктура. Негативи екстерни ефекти загадување на околината од хемиски фабрики, создавање на бучност, пушење, изградба на објекти кои загрозуваат природна атракција

# НАЧЕЛА НА ЈАВИТЕ РАСХОДИ

*Во финансиската теорија се укажува на тоа дека при извршување на јавните расходи треба да се почитуваат следниве начела:*

1. *Начело на општ интерес*
2. *Начело на штедење*
3. *Начело на умереност и пропорционалност*
4. *Начело на рационалност*

# Наместо заклучок

Во начело правилата на граѓанското право се применливи и во финансовото право доколку не се дерогирани со специјални/посебни закони.

